Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-3252/3
08.04.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 86 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22 и 168/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 април 2026 година, издаде

ЛИЦЕНЦА
за приредување на игри на среќа во автомат клуб

1. На Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, во деловната просторија која се наоѓа во Подружница број 1 Каззино моззарт Скопје Рекорд на ул.„Димитрие Чуповски“ бр.1Б Скопје-Центар, за период од шест години.

2. Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје во автомат клубот ќе постави 42 автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник и 1 автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе учесници (електронски рулет).

3. Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

4. Доколку Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје не започне со приредување на игрите во рокот од точката 3, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе Лиценцата.

5. Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 39.375 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае Лиценцата, односно:

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на Лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на Лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од четири години од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од пет години од денот на приемот на Лиценцата и


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.04.2026 08:30 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=11895351-0344-4eed-8e84-4694479ff63a&materialId=bc4e0625-a8da-44b4-bcf2-594e9c806baa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од шест години од денот на приемот на Лиценцата.

6. Доколку Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 39.375 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

7. Доколку Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје не ги плаќа годишните рати во износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 5, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе Лиценцата.

8. Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 43.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, во рок од 15 дена од денот на приемот на Лиценцата.

9. Доколку Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе Лиценцата.

10. Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО, на месечна основа, да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот.

11. Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО, на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот и за финансирање на здравствената заштита да плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот.

12. Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да ја одржува висината на основната главнина во износ кој не може да биде помал од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, за целото времетраење на Лиценцата.

13. Доколку Друштвото за приредување на игри на среќа „ Каззино моззарт“ ДОО Скопје не ја одржува висината на основната главнина од точката 12, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе Лиценцата.

14. Оваа лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.04.2026 08:30 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=11895351-0344-4eed-8e84-4694479ff63a&materialId=bc4e0625-a8da-44b4-bcf2-594e9c806baa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Образложение

Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје до Министерството за финансии поднесе Барање бр.13-7758/1 од 10.9.2025 година и дополнување на барањето бр.13-7758/3 од 24.9.2025 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

1. Договор за основање на Друштвото со ограничена одговорност -пречистен текст- склучен на ден 1.7.2025 година склучен помеѓу Етер Консалтинг ДОО Белград-Палилула и Друштвото за приредување игри на среќа Делта бет ДОО Скопје;

2. Одлука за зголемување на основачки влог донесена на ден 1.7.2025 година донесена од страна на Етер Консалтинг ДОО Белград-Палилула и Друштвото за приредување игри на среќа Делта бет ДОО Скопје;

3. Одлука за намера за намалување на основната главнина донесена на ден 23.7.2025 година од страна на Етер Консалтинг ДОО Белград-Палилула и Друштвото за приредување игри на среќа Делта бет ДОО Скопје;

4. Правила за игри на среќа на автомати бр.03-2488 година од 23.9.2025 година и правила за игри на среќа на електронски рулет бр.03-2489 од 23.9.2025 година донесени од Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје;

5. Бонитет на сметка 270-0738855101-14, Каззино моззарт ДОО Скопје во период од 10.3.2025 до 10.9.2025, бонитет на сметка 270-0738855103-08, Каззино моззарт ДОО Скопје-Наменска сметка за плати во период од 10.3.2025 до 10.9.2025 година и три потврди од 10.9.2025 година издадени од Халк банка АД Скопје;

6. Декларација за прием на плата од 10.2.2025 година, декларација за прием на плата од 10.03.2025 година, декларација за прием на плата од 11.4.2025 година, декларација за прием на плата од 9.5.2025 година, декаларација за прием на плата од 10.6.2025 година, декларација за прием на плата од 8.7.2025 година и декларација за прием на плата од 11.8.2025 година издадени од Управата за јавни приходи, исплатени преку Халк банка АД Скопје;

7. Докази за паричен влог во износ од 100.000 евра внесен од страна на содружникот Етер Конслатинг ДОО: одлука за распределба на добивка бр.775 од 15.10.2019 година донесена од Друштвото „Моззарт“ ДОО Бања Лука и извештај за наплата на странство-образец 743 за износ од 100.000 евра од 10.10.2019 година издаден од Стопанска Банка АД Битола;

8. Докази за паричен влог во износ од 1.350.000,00 евра внесен од страна Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје:

-извод број 255 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 8.11.2019 година и извод број 252 за промени на состојбата на сметка на ден 5.11.2019 година издадени од Халк банка АД Скопје, извод број 2 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 8.11.2019 година издаден од Стопанска банка АД Битола, потврда бр.22-7/627 од 12.11.2019 година и уплатница за уплата на основачки влог од 08.11.2019 година за износ од 30.748.650,00 денари за влогот од 500.000,00 евра издадени од Халк банка АД Скопје;

- извод број 4 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 8.1.2020 година и извод број 6 за промени на состојбата на средствата на ден 10.1.2020 година издадени од Халк банка АД Скопје, година, извод број 2 за промените и состојбата на средствата на сметката на ден 10.1.2020 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, потврда бр.22-7/13 од 13.01.2020 година и уплатница за уплата на

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.04.2026 08:30 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=11895351-0344-4eed-8e84-4694479ff63a&materialId=bc4e0625-a8da-44b4-bcf2-594e9c806baa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

основачки влог од 10.1.2020 година за влогот за износ од 24.597.600,00 денари за влогот од 400.000,00 евра издадени од Халк Банка АД Скопје;

-извод број 291 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 24.12.2019 година и извод број 275 за промени на состојба на средствата на сметка на ден 4.12.2019 година издадени од Халк банка АД Скопје, извод број 9 за промените и состојбата на средствата на сметката на ден 24.12.2019 година издаден од Стопанска банка АД Битола, потврда бр.22-7/695 од 24.12.2019 година и уплатница за уплата на основачки влог од 24.12.2019 година за влогот за износ 27.670.680,00 денари за влогот од 450.000,00 евра издадени од Халк Банка АД Скопје;

9. Докази за паричниот влог во износ од 537.202,00 евра внесен од страна на Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје согласно Одлуката за трансформација на позајмица во основна главнина за зголемување на основачки влог од 1.7.2025 година и Одлука за зголемување на основачки влог донесена на ден 1.7.2025 година од страна на Етер Консалтинг ДОО Белград-Палилула и Друштвото за приредување игри на среќа Делта бет ДОО Скопје:

-докази за паричниот влог во износ од 48.626,00 евра: договор за заем склучен на ден 12.02.2021 година помеѓу Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје и Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје, извод број 33 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 12.2.2021 година и извод број 26 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 12.2.2021 година издаден од Халк Банка АД Скопје и уплатница од 12.1.2021 година за износ од 3.000.000,00 денари за дадената позајмица издадена од Халк Банка АД Скопје;

-докази за паричниот влог во износ 32.417,00 евра: договор за заем склучен на 15.6.2021 година помеѓу Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје и Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје, извод број 133 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 15.6.2025 година и извод број 100 за промени на состојбата на средствата на ден 15.6.2021 година издадени од Халк Банка АД Скопје и уплатница од 15.6.2021 година за износ од 2.000.000,00 денари за дадена позајмица и издадена од Халк Банка АД Скопје;

-докази за паричниот влог во износ од 48.626,00 евра: договор за заем склучен на ден 05.07.2022 година помеѓу Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје и Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје, извод број 153 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 5.7.2022 година и извод број 117 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 5.7.2022 година издадени од Халк Банка АД Скопје и уплатница од 5.7.2022 година за износ од 3.000.000,00 денари за дадена позајмица издадена од Халк Банка АД Скопје;

-докази за паричниот влог во износ од 17.889,00 евра: договор за заем склучен на ден 15.07.2022 година помеѓу Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје и Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје, извод број 162 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 15.7.2022 година и извод број 124 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 15.7.2022 година издадени од Халк Банка АД Скопје и уплатница од 15.7.2022 година за износ од 1.100.000,00 денари за дадена позајмица издадена од Халк Банка АД Скопје ;

- докази за паричниот влог во износ од 194.606,00 евра: договор за заем склучен на ден 20.01.2023 година помеѓу Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје и Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје, извод број 15 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 20.1.2023 година и извод број 13 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 20.1.2023 година издадени од Халк Банка АД Скопје и уплатница од 20.01.2023 година за износ од 12.000.000,00 денари за дадена позајмица издадена од Халк Банка АД Скопје;

- докази за паричниот влог во износ од 195.138,00 евра: договор за заем склучен на ден 17.05.2023 година помеѓу Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје и Друштвото за

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.04.2026 08:30 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=11895351-0344-4eed-8e84-4694479ff63a&materialId=bc4e0625-a8da-44b4-bcf2-594e9c806baa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје, извод број 104 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 17.5.2023 година и извод број 91 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 17.5.2023 година издадени од Халк банка АД Скопје и уплатница од 17.5.2023 година за износ од 12.000.000,00 денари за дадена позајмица издадена од Халк Банка АД Скопје;

10. Докази за непаричниот влог во износ од 516.000,00 евра кој е внесен во Друштвото од страна на Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје: извештај за проценка на подвижни предмети и машини и опрема во сопственост на Друштво за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје бр.784-2025 од 23.7.2025 година изготвен од Друштвото за проценки и вештачења Визија-Т ДООЕЛ Скопје и фактури врз основа на кои е изготвена проценката.

11. Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам бр.03-552 од 17.2.2025 година донесена од Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје;

12. Извод број 179 за промените на состојбата на средствата на сметка на ден 09.09.2025 година издаден од Халк банка АД Скопје;

13. Решение бр.3017/01250-0886/2 од 20.8.2025 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

14. Уверенија за техничка исправност на 43 автомати за приредување на игрите на среќа издадени од Друштвото за услуги, техничко испитување и анализа на автомати и маси за игри на среќа „Вип интел“ ДООЕЛ Кочани;

15. Тековна состојба од 2.12.2025 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

16. Потврда бр.05-054612/25-0002 од 26.8.2025 година издадена од Царинската Управа на Република Северна Македонија;

17. Уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.30-55/5482/2 од 6.8.2025 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

18. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/4124-1 од 2.7.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

19. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/4124-2 од 2.7.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

20. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120250015383 од 2.7.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

21. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120250015384 од 2.7.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија;

22. Информација за економско финансиска состојба бр.0905-27/341 од 3.7.2025 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија и

23. Уплатници ПП 50 за платена административна такса во вкупен износ од 650,00 денари.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.04.2026 08:30 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=11895351-0344-4eed-8e84-4694479ff63a&materialId=bc4e0625-a8da-44b4-bcf2-594e9c806baa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб има уплатено основна главнина во износ од 2.503.202,00 евра, видно тековната состојба од 2.12.2025 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност, видно од потврдите бр.0808-12/4124-1, бр.0808-12/4124-2, бр.0808-50/150120250015383 и бр.0808-50/150120250015384 од 2.7.2025 година, издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Со доставената информација за економско–финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0905-27/341 од 3.7.2025 година, оценувајќи ги податоците искажани во годишната сметка за 2024 година, споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Од Програмата за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам бр.03-552 од 17.2.2025 година донесена од Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје се утврди дека со Програмата се утврдени мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Од уверението за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.30-55/5482/2 од 06.08.2025 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврда бр.05-059809/25-0002 од 26.8.2025 година издадена од Царинската Управа на Република Северна Македонија, се констатира дека трговското друштво ги има подмирено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување.

Од доставеното решение бр.3017/01250-0886/2 од 20.8.2025 година од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, се утврди дека деловната просторија која се наоѓа во Подружница број 1 Каззино моззарт Скопје Рекорд на ул.„Димитрие Чуповски“ бр.1Б Скопје-Центар ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца за приредување игри на среќа во автомат клуб, видно бонитет на сметка 270-0738855101-14, Каззино моззарт ДОО Скопје во период од 10.03.2025 до 10.09.2025, бонитет на сметка 270-0738855103-08, Каззино моззарт ДОО Скопје-Наменска сметка за плати во период од 10.03.2025 до 10.09.2025 година и потврди од 10.09.2025 година издадени од Халк банка АД Скопје.

Трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од седум месеци пред поднесувањето на барањето видно од декларација за прием на плата од 10.2.2025 година, декларација за прием на плата од 10.3.2025 година, декларација за прием на плата од 11.4.2025 година, декларација за прием на плата од 09.5.2025 година, декаларација за прием на плата од 10.6.2025 година, декларација за прием на плата од 8.7.2025 година, декларација за прием на плата од 11.8.2025 година издадени од Управата за јавни приходи, исплатени преку Халк банка АД Скопје.

Од доставениот извод број 179 за промените на состојбата на средствата на сметка на ден 9.9.2025 година од Халк банка АД Скопје се утврди дека паричните средства кои ќе се платат за добивање на лиценца се од тековното работење на друштвото.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.04.2026 08:30 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=11895351-0344-4eed-8e84-4694479ff63a&materialId=bc4e0625-a8da-44b4-bcf2-594e9c806baa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Потеклото на средствата внесени во основната главнина се утврди од следната документација:

Од Договорот за основање на Друштвото со ограничена одговорност -пречистен текст- склучен на ден 1.7.2025 година склучен помеѓу Етер Консалтинг ДОО Белград-Палилула и Друштвото за приредување игри на среќа Делта бет ДОО Скопје, Одлуката за трансформација на позајмица во основна главнина за зголемување на основачки влог од 01.07.2025 година, Одлуката за зголемување на основачки влог донесена на ден 1.7.2025 година од страна на Етер Консалтинг ДОО Белград-Палилула и Друштвото за приредување игри на среќа Делта бет ДОО Скопје и Одлуката за намера за намалување на основната главнина донесена на ден 23.7.2025 година од страна на Етер Консалтинг ДОО Белград-Палилула и Друштвото за приредување игри на среќа Делта бет ДОО Скопје се утврди дека основната главнина на друштвото по извршеното намалување на непаричниот влог изнесува 2.503.202,00 евра, од кои 1.987.202,00 евра паричен влог и 516.000,00 евра непаричен влог.

Паричниот влог во износ од 100.000,00 евра е внесен од содружникот Етер консалтинг“ ДОО Белград-Палилула видно од доказите наведени во точка 7 од Образложението на оваа лиценца и истиот потекнува од дивиденда.

Паричниот влог во износ од 1.350.000,00 евра е внесен од содружникот Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје видно од доказите наведени во точка 8 во образложението на оваа лиценца и истите потекнуваат од тековното работење на друштвото.

Вредноста на подвижните ствари кои се внесени во основната главнина во износ од 516.000,00 евра се утврди од извештајот за проценка на подвижни предмети и машини и опрема во сопственост на Друштво за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје бр.784-2025 од 23.7.2025 година изготвен од Друштвото за проценки и вештачења Визија-Т ДООЕЛ Скопје, а од доставените фактури согласно кои е изготвен извештајот за проценка се утврди начинот на кој се стекнати подвижните ствари, односно истите се купени од разни добавувачи.

Паричниот влог во износ од 537.202,00 евра кој е внесен од страна на Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје е од трансформација на позајмица во основна главнина за зголемување на основачки влог видно од доказите наведени во точка 9.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува на приредување на игри на среќа во автомат клуб, што произлегува од доставените правила за игри на среќа на автомати бр.0201/1-569 од 23.7.2025 година и правила за игри на среќа на електронски рулет бр.0201/2-569 од 23.7.2025 година донесени од Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје кои се во согласност со член 92 став (1) и (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22 и бр.168/24).

Од доставените 43 уверенија издадени од Друштвото за услуги, техничко испитување и анализа на автомати и маси за игри на среќа „Вип интел“ ДООЕЛ Кочани се утврди дека поставените автомати во автомат клубот се технички исправни за употреба.

Согласно член 89 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, без оглед на тоа дали тие се сместени во една или повеќе деловни простории на приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, така што системот обезбедува точни податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Од доставеното мислење бр.21-546/3 од 31.8.2020 година од Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје се утврди дека системот на Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје е официјално поврзан со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.04.2026 08:30 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=11895351-0344-4eed-8e84-4694479ff63a&materialId=bc4e0625-a8da-44b4-bcf2-594e9c806baa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје.

Според член 2 точка 23) од Законот, игри на среќа во автомат клуб се игри кои се приредуваат на автомати, електронски рулети и други апарати со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер“) и на системот на автоматите кој подразбира поврзување на поголем број автомати поради формирање на единствен џек пот со исти и истовремени можности на сите учесници во играта. Според точка 24) од истиот член, автомати за игри на среќа со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер“) се механички, електронски или слични уреди на кои учесниците во игрите на среќа со уплата на одреден износ (жетон, метални пари или непосредна уплата на благајна, односно на автоматот) имаат можност за добивка.

Во согласност со член 87 став (1) од Законот, лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава за период од шест години, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 10 став (1) од Законот, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон, е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 3 и 4 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на член 87 став (2) од Законот, за добивање на лиценца се плаќа надоместок во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа не го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 5, 6 и 7 од диспозитивот на оваа лиценца.

Приредувачот на игри на среќа, согласно член 18 став (1) од Законот, за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ кој за соодветната игра на среќа е утврден со овој закон, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата и во истиот рок доказот за депонираниот депозит или банкарската гаранција да ги достави до Министерството за финансии. Согласно член 13 став (1) точка 9) од Законот, доколку приредувачот на игрите на среќа не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од приемот на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 8 и 9 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 94 ставови (1) и (2) од Законот, за приредување на игрите на среќа во автомат клуб приредувачот на игри на среќа, на месечна основа, плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, поради што се одлучи како во точката 10 од диспозитивот на оваа лиценца. Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, на месечна основа, за финансирање на спортот плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.04.2026 08:30 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=11895351-0344-4eed-8e84-4694479ff63a&materialId=bc4e0625-a8da-44b4-bcf2-594e9c806baa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

деловни простории на приредувачот и за финансирање на здравствената заштита плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, поради што се одлучи како во точката 11 од диспозитивот на оваа лиценца.

Доколку приредувачот на игрите на среќа не ја одржува висината на основната главнина, согласно член 13 став 1 точка 12 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 12 и 13 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игри на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 14 од диспозитивот на оваа лиценца.

Со оглед на наведеното, Владата на Република Северна Македонија ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.04.08 13:14:49 +02:00

Подготвил: Марија Арсова, 06.04.2026
Проверил: Катерина Јаневска, 07.04.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 08.04.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 08.04.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.04.08 09:07:46 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.04.2026 08:30 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=11895351-0344-4eed-8e84-4694479ff63a&materialId=bc4e0625-a8da-44b4-bcf2-594e9c806baa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*